## „Како до независно судство?“

Главен заклучок од настанот „Како до независно судство?“, кој го организираше Институтот за демократија и на кој се дискутираше за работата на Судскиот совет и за реформите во правосудството, е дека **отсуствува темелност, дисциплина и постојаност во примената на решенијата и механизмите за реформи во правосудството.**

**Говорници на настанот:** Миша Поповиќ – Институт за демократија, Уранија Пировска – Хелсиншки комитет за човекови права, Дарко Аврамовски – Коалиција сите за правично судење.

Идејата беше да отвори дискусија за работењето на Судскиот совет и реформите во правосудството. Изминатиот период, Платформата на Граѓански организации за борба против корупција и Блупринт групата за реформи во правосудството во неколку наврати реагираа за работењето на Судскиот совет.

### <u>Главни препораки кои произлегоа од настанот:</u>

1. **Влијание на судиите од страна на колегите, надредените, политичарите и бизнис-елитите**:
   - Влијание врз работата на судиите вршат нивните колеги, надредените, членовите на Судскиот совет, политичарите и бизнис-елитите. Овие влијанија имаат негативен ефект врз независноста и праведноста на судските одлуки.
2. **Недоверба во системот:**
   - Иако континуирано се преземаат мерки за унапредување на условите во кои работат судиите, вкоренет е впечатокот дека се потребни политички врски или пари за да се добие правда преку судот. Ова води до недоверба во правосудниот систем и судиите.
3. **Нелегитимност на Судскиот совет:**
   - Изразено е мислењето дека Судскиот совет има нелегитимен претседател и продолжува да постапува нелегитимно. Се истакнува потребата од промени во начинот на номинација и именување на судиите во Судскиот совет.
4. **Неуспешни реформи:**
   - Недостатокот на темелност, дисциплина и постојаност во примената на решенијата и механизмите за реформи во правосудството доведува до неуспех на реформите. Потребно е да се направи соодветна дијагноза на проблемите и да се преземат соодветни мерки за постигнување резултати.

5. **Вклучување на судиите и обвинителите во реформските процеси**:

    - Потребно е да се најдат начини за вклучување на судиите и обвинителите во реформските процеси, не само да се фокусира на работата на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители. Судиите и обвинителите се клучни во реформските процеси и нивното активно вклучување би придонело до промени во вистинска насока.

Настанот е организиран како дел од проектот „Поттикнување на јавната дебата за антикорупција“ чија цел е поддржување на реформскиот процес во Северна Македонија преку зајакнување на реформската агенда во обласа на владеењето на правото, а за остварувањето на оваа цел проектот предвидува соработка и консултација со сите релевантни чинители. Проектот е поддржан од Националниот фонд за демократија.

Линк до целосниот настан: https://www.youtube.com/watch?v=-otNbf7tmsI&t=3108s